Синдикална организација на
Македонски Телеком АД-Скопје
бр. 172/2
05.10.2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 11 од Статутарните Правила на СОМКТ и член 11 од Правилникот за доделување на еднократна парична помош/неповратна/, Советот на Повереници на СОМКТ на ден 04.10. 2016 година, донесе

# ОДЛУКА

## за изменување и дополнување на Правилникот за доделување на еднократна парична помош/неповратна/бр.78/4 од 03.09.2014 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на **Правилникот за доделување на еднократна парична помош/неповратна/бр.78/4 од 03.09.2014 година** и тоа:

1. Во член 3 став 1:

- Алинеја 4 се менува и гласи:
  "За стапување во брак или раѓање на едно дете, две деца/близнаци/или повеќе деца /тројка и повеќе/ одеднаш на членот на СОМКТ".

2. Членот 7 се менува и гласи:

"За стапување во брак или за раѓање на едно дете, две деца/близнаци/или повеќе деца /тројка и повеќе/ одеднаш, на членот на СОМКТ, ќе му се исплати еднократна парична помош и тоа:

- За стапување во брак во висина од .......................................... 5.000,00 денари;
- За раѓање на едно дете во висина од ....................................... 5.000,00 денари;
- За раѓање на две деца /близнаци/во висина од .................... 8.000,00 денари; и
- За раѓање на повеќе деца /тројка и повеќе/ во висина од ..10.000,00 денари.

Правото се остварува врз основа на доставено Барање и Извод од матична книга на венчани, односно родени.

Правото на парична помош по основ за стапување во брак се однесува за статусот стапување во брак, независно дали едниот или двајцата сопружници се членови на СОМКТ, а Барањето за остварување на правото по овој основ се поднесува во рок, не подолг од 6 месеци од денот на стапување во брак.

Барањето по основ за родено дете/деца се доставува по враќање на работникот од породилно отсуство во рок не подолг од 90 дена, а може да го достави и член на семејството /сопруг/за време на породилното отсуство на работникот член на СОМКТ.

Член 2

Останатите одредби на П равилникот за доделување на еднократна парична помош/неповратна/бр.78/4 од 03.09.2014 година остануваат непроменети.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Оваа Одлука е донесена преку електронско изјаснување на членовите на Советот на Повереници.

**Синдикална Организација на**
**Македонски Телеком АД Скопје**
**Главен Повереник**
**Јордан Сандев**

Синдикална организација на Македонски Телеком АД Скопје
СКОПЈЕ